РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE

Бр.-Nr. 102-1490/1
02.02.2021 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Друштво за инженеринг услуги
ИСКРА СИСТЕМИ-М ДООЕЛ
Бр. 0307-085
16.12.2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основ на член 119 став 1 точка 2, став 2 и став 7 од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Северна Македонија бр.24/2019) и член 19 од Договорот за набавка на работи, број 102-4672/1 од 30.04.2020 година на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и бр. 0309-20/3 од 24.04.2020 година на Искра Системи – М ДООЕЛ Скопје за „Адаптација на постоечка филтер станица во општина Штип“, а во врска со доставеното барање од Изведувачот и Надзорниот орган и барањето за склучување на анекс договор од 16.12.2020 година на ден __.__.2020 година се склучува следниот:

АНЕКС БР.1
НА
ДОГОВОР ЗА НАБАВКА НА РАБОТИ

I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, со адреса: Аминта Трети 2 - Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од министерот Arjanit Hoxha (во понатамошниот текст Инвеститор) од една страна,

и

2.Искра Системи – М ДООЕЛ Скопје (носител на групата) со адреса ул. Даме Груев бр.16, Б.Ц. Палома Бјанка 5-ти кат, 1000 Скопје ЕДБ 4080009503100, ЕМБС 6480853 и КОЛЕКТОР СИСТЕХ д.о.о. Љубљана (член на групата), со адреса ул. Засавска Цеста 95, 1231 Љубљана, Словенија ЕДБ SI 73308099, ЕМБС 5536529000. Жиро сметка и Банка депонент 210064808530146 во НЛБ Банка АД Скопје, Застапувани од директорот на носителот на групата Илчо Мерџановски (во натамошниот текст - Изведувач), од друга страна.

Член 1

Со овој Анекс кон Договорот за набавка на работи „Адаптација на постоечка филтер станица во општина Штип“, се регулираат измените и дополнувањата кои се однесуваат на вредноста и временската рамка на договорот, односно се врши измена на Член 3 и Член 4 од основниот договор.

Член 2

Со овој Анекс – Договор се врши измена на член 3 од Договорот, па така согласно промената новиот текст гласи:

„Вкупната вредност на Договорот изнесува 297.606.753,00 денари вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без вклучен ДДВ.

Вкупната вредност на договорот вклучувајќи ги сите трошоци и попусти со вклучен ДДВ изнесува 351.175.909.12 денари.“

Во вкупната вредност се вклучени сите позиции од предмер пресметката на основниот договор како и предмер пресметката за непредвидени и дополнителни работи за проектот, адаптација на постоечка филтер станица во општина Штип.

Член 3

Рокот за изведување на предвидените работи се продолжува за 6 календарски месеци, односно краен рок за завршување на Проектот се продолжува до Ноември 2021 година. Согласно промената новиот текст гласи:

„Работите да се изведат во согласност со законските прописи за вршење на ваков вид работи – законот за градење, тендерската документација, техничката спецификација, предмер пресметката

и доставената понуда измените и дополните на основниот проект и новиот доставен динамички план за изведување на работите од изведувачот.
Изведувачот е должен да ги изведе предвидените работи во рок од 18 календарски месеци.
Рокот за изведување на работите започнува да тече од денот на воведување на Изведувачот во работа и по претходно обезбедено правосилно одобрение за градење".

Член 4

Согласно член 102 став 7 од ЗЈН, во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, носителот на набавката - Изведувачот соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Член 5

Сите останати членови од Договорот остануваат непроменети и обврзувачки за двете страни.

Член 6

Овој Анекс бр.1 на Договорот стапува на сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Член 7

Овој Анекс бр. 1 на Договор е склучен во 6 (шест) истоветни примероци од кои 4 (четири) за Инвеститорот и 2 (два) за Изведувачот.

ИНВЕСТИТОР,
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Министер,
Arjanit Hoxha

ИЗВЕДУВАЧ,
Искра Системи - М ДООЕЛ Скопје
Директор,
Илчо Мерџановски

Составен дел на Анекс бр.1 од Договорот се:
- Предмер пресметка